КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И
ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

РЕАКЦИЈА ОД УО НА КОМОРАТА
И ОСТРА ОСУДА НА ФИЗИЧКИ НАПАД ВРЗ ЧЛЕН НА КОМОРАТА
ВО ТЕК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТАТА

## ОПИС НА НАСТАНОТ

На 1 септември 2018 година, инженер архитект Васил Велков од Скопје, согласно неговиот писмен исказ доставен до Комората на 17 септември 2018 година, бил физички нападнат од три лица, за време на изведба на објект во Охрид.

Инженер Велков е надзорен инженер при изведба на затворениот пливачки базен во Охрид; објект кој е капитална инвестиција на ВРМ каде како инвеститор се јавува Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија. Утрината кога е планирано бетонирање, најпрво се јавил проблем со пумпата за бетон, потоа е евидентирана недоволна механизација за истовремено бетонирање на двете страни на објектот. Поради ваквата состојба, а поради долгото време на чекање во миксер, бетонот започнал да се врзува во самиот миксер. Изведувачот на објектот започнал да додава големи количества на вода во бетонската смеса, што е недозволиво и го намалува квалитетот на бетонот. По вака констатираната состојба, надзорниот инженер Велков, заедно со уште двајца надзорни инженери, а во присуство на претставници од изведувачот на работите на објектот, изготвиле записник и евидентирле во градежен дневник да се запре со бетонирање. Триесетина минути по потпишување на извештајот, на самото градилиште, три лица физички го нападнале главниот надзорен инженер Велков и му нанеле телесни повреди.

## РЕАКЦИЈА НА УО НА КОМОРАТА

По запознавање со настанот преку дописот на Велков, Управниот одбор на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија на својата редовна седница на 18 септември 2018, НАЈОСТРО ГО ОСУДИ АКТОТ НА НАСИЛСТВО извршен на 1 септември во Охрид врз членот на Комората инженер Васил Велков.

Особено загрижува фактот што актот на насилство се случил во текот на професионалното извршување на обврските на инженер Велков. Веројатно, поради несогласување со надзорниот извештај и во отсуство на професионална аргументација, три лица физички го нападнале инженер Велков, по што се здобил со телесни повреди. Настанот е пријавен во полициска станица во Охрид. Управнниот одбор на Комората писмено ќе апелира до органите на прогонот и судската власт за итно постапување по предметот.

По одлука на Управниот одбор оваа остра осуда на актот на насилство се објавува на централниот дел на вебстраната на Комората.